Република Македонија
Општина Старо Нагоричане

[redacted]

Република Македонија
Општина Старо Нагоричане
Бр.04- 800/15
Датум:19.12.2025 год.
Старо Нагоричане
1303 Старо Нагоричане
Тел/факс. +389(0)31/495-333
E-mail: staronagoricane@yahoo.com
kontakt@stn.gov.mk
www.stn.gov.mk
Ваш бр.________ Датум__.__.2018
Адреса ______________________

Врз основа на член 45 став 1, 2 и 3 од Закон за административни службеници („Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и Службен Весник на РСМ бр. 275/19 и 14/2020, 215/2021,99/22, и 208/24), Градоначалник на Општина Старо Нагоричане на ден 19.12.2025 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за вршење избор на 1 извршител – кандидат за административен служебник по објавен јавен оглас 924/2025 за работно место – Самостоен референт - администратор на локални даноци и такси, Одделение за финансиски прашања

1. Кандидатот за административен службеник Тања Јовчиќ со идентификациски код 5CADC06 се избира за извршител на работно место УПР 01 01 Г01 000, Самостоен референт - администратор на локални даноци и такси, Одделение за финансиски прашања по претходно објавен јавен оглас за вработување на административни службеници број 924/2025 објавен на ден 01.08.2025 година во дневните весници Нова Македонија,Вечер и Коха, како и на веб страна на Агенција за администрација. Кандидатот за административен службеник Тања Јовчиќ со идендификациски код 5CADC06 се избира за извршител на работно место УПР 01 01 Г01 000, Самостоен референт - администратор на локални даноци и такси, Одделение за финансиски прашања има вкупно освоени бодови 78.94 од сите фази на постапката за вработување.
2. По завршување на постапката за избор и конечност на оваа Одлука ќе се донесе Решение за вработување на избраниот кандидат.
3. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенција за админстрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во член 45, став 1,2 и 3 од Закон за административни службеници („Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и Службен Весник на РСМ бр. 275/19 и 14/2020), е утврдена постапката за донесување на Одлука за избор за вработување на административни службеници врз основа на објавен јавен оглас.

Република Македонија
**Општина Старо Нагоричане**

[redacted]

**Република Македонија**
**Општина Старо Нагоричане**
**Бр.04-**
**Датум:19.12.2025 год.**
**Старо Нагоричане**
**1303 Старо Нагоричане**
oo.com
.2018

Врз основа на објавениот оглас број 924/2025 година за потреба од вработување на административни службеници во Општина Старо Нагоричане, објавен на ден 01.08.2025 година во дневните весници Нова Македонија,Вечер и Коха како и на веб страна на Агенција за администрација, за работното место од огласот УПР 01 01 Г01 000, Самостоен референт - администратор на локални даноци и такси, Одделение за финансиски прашања, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение со број 10-2063/7 од 24.11.2025 година и решение за изменување и дополнување на решение за формирање на комисија за селекција по јавен оглас со арх.бр. 10-2063/9 од 09.12.2025 , ја спроведе постапката за вработување која се состои од административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју односно записник од спроведениот испит со арх.бр. 10-2063/11 од 15.12.2025 и записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју со арх.бр 10-2063/12 од 16.12.2025 и изготви конечна ранг листа од сите фази на постапката за вработување и до Општина Старо Нагоричане достави Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број 924/2025 година, заверен под број 10-2063/13 од 18.12.2025 година и наш арх.бр 04-800/14 од 19.12.2025.

Врз основа на член 45, став 1,2 и 3 од Закон за административни службеници („Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и Службен Весник на РСМ бр. 275/19 и 14/2020), Градоначалник на Општина Старо Нагоричане по разгледување на приложената конечна ранг листа на кандидати и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Упатство за правно средство: Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8(осум) дена од денот на објавување на одлуакта на интернет страната и на огласната табла на Агенција за администрација.

ДОСТАВЕНО ДО
-Избраниот кандидат
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Агенција за администрација
-Архива на Општина Старо Нагоричане

Градоначалник

Мирослав Славковски

Изработил: м-р Давор Арсик